Универзитет „Свети Кирил и Методиј“

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**


## НОВИ КНИГИ

Професорот д-р Миле Димитровски издаде две нови книги, Автомобилски мотори и Мотори - тјунирање. Двете книги се од категоријата постојан учебник.

Книгата Автомобилски мотори е наменета за студентите од насоката применето термичко инженерство ПТИ (професионални студии) и е целокупниот материјал од задолжителниот предмет во 4. семестар со ист назив Автомобилски мотори, (со 4 кредити). Издавач на ова дело е УКИМ со тираж од 200 примероци.

Книгата Мотори - тјунирање е наменета за студентите од насоката ПТИ за изборниот предмет Моторски системи - тјунирање и го опфаќа целокупниот материјал по наставната програма за тој предмет (4 кредити). Книгата (учебник) е наменета и за поширок круг читатели, ентузијасти и студенти од насоките ТИ и ММВ кои подолго време бараат да се издаде учебник за најинтересниот дел од надградбата на моторите - тјунирањето.

Книгата е печатена во колор заради сложеноста на сликовниот материјал. Издавач е УКИМ со тираж од 100 примероци.

## УЧЕСТВО ВО ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТ НА ASHRAE

Проф. д-р Ристо Цицонков беше именуван (во 2008 година) од страна на Управниот одбор на ASHRAE (American Society of Heating, Refrigerating and Air Conditioning Engineers) за член на посебен Комитет со задача да изработи официјален документ за ставот на оваа организација кон природните ладилни флуиди. Во состав на Комитетот беа определени 8 врвни експерти, 6 од САД и 2 од Европа.

На состанокот на управниот одбор на ASHRAE оваа година предложениот документ беше прифатен и објавен (www.ashrae.org) под името "Position Document on Natural Refrigerants". Овој стратешки документ ќе има влијание на правецот на идниот развој во областа на ладилната техника, климатизација и топлинските пумпи не само во САД, туку и во другите земји.

## CEEPUS MOBILITY

Во рамките на активностите поврзани со CEEPUS програмата за мобилност (Central European Exchange Program for University Studies), во текот на месец март 2009 година студиски престој на Машинскиот факултет оствари проф. Д-р Мариуш Бенеа од Политехничкиот Универзитет во Темишвар, Романија.

## СТУДЕНТСКИ JOB FAIR

Од 23 до 27 март, студентската организација БЕСТ - Скопје (Борд на европски студенти по технологија) го организераше петтиот по ред Job Fair 2009 – саем за вработување и кариера.

На саемот учествуваа повеќе од дваесет компании. Компании кои учествуваа на саемот се: Bato&Divajn, Netcetera, EVN, и др. Настанот е наменет за студентите кои тукушто дипломирале или се при крај на студиите. Целта е овие студенти да дојдат во непосреден контакт со комапниите – нивните идни работодавци.




Саемот се одржа во холот на Машински факултет и Факултетот за електротехника и информациони технологии од 24 до 25 март

За повеќе информации посетете ја веб страната на БЕСТ – www.BEST.org.mk и www.jobfair.org.mk

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на март 2009 год остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Владимир Дуковски оствари посета на саемот за композити во Париз, Франција
2. Проф. д-р Атанаско Тунески, доц. д-р Зоран Марков и асс. м-р Дарко Бабунски учествуваа во обука на новонабавена опрема во Словачка и Австрија.
3. Проф. д-р Марко Серафимов оствари посета на Саемот за греење и климатизација во Франкфурт, Германија
4. Проф. д-р Милан Ќосевски оствари посета на Факултетот за технички науки во Нови Сад, Р. Србија со цел водење разговори со колегите од факултетот за заеднички учество во Темпус проекти.
5. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ реализира присуство на годишното собрание на Европската академија на науки и уметности во Салцбург, Австрија.
6. Проф. д-р Звонимир Костиќ, проф. д-р Валентино Стојковски и проф. д-р Димитри Козинаков присуствува на работен состанок во Белград, Р.Србија заради разгледување на можностите за техничко-развојна соработка.
7. Проф. д-р Делчо Јованоски оствари престој на Политехничкиот универзитет во Тирана, Албанија каде што се водени разговори за соработка и учество на Темпус проект.
8. Проф. д-р Роберт Миновски оствари посета на техничкиот факултет во Грац, Австрија каде што се одржаа работни состаноци за изработка на Темпус проект.
9. Проф. д-р Валентина Гечевска во рамки на Темпус проект реализира службени патувања во Италија и Белгија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**17.04.2009**
**ВЕЛИКИ ПЕТОК, ПЕТОК ПРЕД ВЕЛИГДЕН**

**20.04.2009**
**ВЕЛИГДЕН, ВТОР ДЕН НА ВЕЛИГДЕН**

**23.04.2009**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**30.04.2009**
**8 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2009, март, број 79**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

На ден 25.04.2009 год. МФС повторно ќе ги отвори вратите за идните студенти да можат лично да се уверат во перспективите за студирање што ги нуди нашиот факултет.



Отворениот ден (25 Април) е дел од програмата на комисијата за промотивни активности. Промотивниот материјал е подготвен, презентациите по средните училишта ќе се одржат во првите две недели од април, предвидено е учество на саемот за образование "Образование и кариера" кој ќе се одржи на Скопскиот саем во периодот 7-10.04.2009 година, како и низа други активности.